АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 17-02-2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 999 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип

3. **Период опфатен со надзорот:** 22 јануари 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 17 февруари 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)
   - **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на телевизија);
   - **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7.00 до 19.00 часот);
   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван на 22 јануари 2016 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврска дневно да емитува најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7:00 до 19:00 часот).

Со надзорот е констатирано дека на 22 јануари 2016 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип емитуваше 8 часа 56 минути и 46 секунди програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик, што е **45.75%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (19 часа 33 минути и 9 секунди). Законскиот минимум од 50% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 22 јануари што влегува во пресметка за изворно создадена програма (19:33:09), е 9 часа 46 минути и 34 секунди. Програмскиот сервис на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип емитуваше за 49 минути и 48 секунди помалку изворна програма од потребниот минимум.

Во периодот од 07:00 до 19:00 часот, исто така, не емитуваше најмалку половина од законски утврдениот минимум од 50% изворно создадена програма во РМ на македонски јазик. Половина од законскиот минимум (од 09:46:34) изнесува 4 часа 53 минути и 17 секунди изворно создадена програма во РМ на македонски јазик, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 4 часа 31 минута и 9 секунди изворно создадена програма во РМ на македонски јазик, што во оваа ситуација е за 22 минути и 8 секунди помалку од потребниот минимум.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, на 22 јануари 2016 година, не емитуваше најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик, ниту пак, најмалку половина од неа ја емитуваше во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

## 9. Предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***